Република Северна Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 02-615/3
27-07 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ВО 2021 ГОДИНА

01.01.2021 – 30.06.2021

Скопје, јули 2021 година

Врз основа на член 7 став (1) точка к) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013, бр. 02-13/5 од 22.01.2014, 02-1316/4 од 11.11.2014, 02-83/3 од 30.01.2015, 02-1259/6 од 27.11.2018 и 02-464/6 од 29.03.2019 година), Одделението за финансиски и сметководствени работи, во рамките на Секторот за финансиско административни работи, до Советот на експерти на Агенцијата на разгледување го поднесува следниот

ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за реализација на финансискиот план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2021 година

Согласно член 56 став (3) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување се финансира од надоместоци кои Агенцијата ги наплаќа од друштвата за управување со пензиски фондови. Во ставот (4) од истиот член на Законот е пропишано дека висината на надоместоците од ставот (3) на овој член ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата, на која согласност дава Собранието на Република Северна Македонија и истите се објавуваат во "Службен весник на Република Северна Македонија".

Основен извор на приходи претставува месечниот надоместок кој Агенцијата го наплаќа од друштвата како процент од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензиските фондови со кои управуваат друштвата. Законскиот максимум за овој надоместок изнесува 0,8%, но Агенцијата, секоја година го преиспитува овој надоместок со цел рационализирање на трошоците на системот во целина. За изготвување на пресметката за овој надоместок за 2021 година, како основа е земена реалната состојба на членови во вториот столб, приливот на придонеси во 2020 година и транзиционите трошоци од буџетот на Фондот на ПИОСМ. Врз основа на овие пресметки и утврдениот финансиски план на Агенцијата за 2021 година, Советот на експерти на Агенцијата надоместокот го утврди во неговата максимална висина од 0,8%. Агенцијата надоместокот го наплаќа врз основа на *Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2021 година*, бр. 02-764/7 од 06.10.2020 година (Службен весник на РСМ бр.58 од 16.03.2021 година). Останатите надоместоци кои ги наплаќа Агенцијата се наменети за покривање на тековни трошоци околу испити на агентите и водењето на регистерот на агенти, пристап

кон информациониот систем на Агенцијата, спроведување на постапка за давање согласност на договорот склучен меѓу пензиско друштво и правно лице кое врши услуги со хартии од вредност, потоа за промена на сопственичка структура или статутарни измени кои се очекува ретко да се случуваат кај друштвата. Надоместоците се утврдени со *Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што ги наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од друштво за управување со пензиски фондови*, бр. 02-1255/3 од 29.10.2012 година ("Службен весник на РМ" број 36/2013), бр.02-1566/7 од 11.12.2013 година ("Службен весник на РМ" број 51/2014) и Исправка на Одлуката бр.02-468/1 од 19.03.2014 година ("Службен весник на РМ" број 54/2014).

Приходите во првото полугодие од 2021 година се прикажани во Табела 1.

Табела 1. Збирен приказ на приходи во првото полугодие од 2021 година споредбено со првото полугодие од 2020 година

во денари

Опис		01.01.2021 година 30.06.2021 година			01.01.2020 година 30.06.2020 година	
	Планирани приходи за 2021 година	**Реализирано**	**% на реализација**	**Планирани приходи за 2020 година**	**Реализирано**	**% на реализација**
Месечен надомест од придонеси (0,8%)	63.000.000	59.232.821	**94%**	60.000.000	0	0%
Административни надоместоци	3.600.000	1.858.704	**52%**	3.200.000	1.678.165	52%
Приходи од камати	500.000	88.101	**18%**	850.000	64.571	8%
Приходи од продажба на службено возило		220.000	**0%**			

Вкупно приходи	67.100.000	61.399.626	92%	64.050.000	1.742.736	3%

Од горенаведеното се констатира дека во првото полугодие од 2021 година од планираните приходи во Финансискиот план вкупно се реализирани **61.399.626 денари** или 92%.

Причината за големиот процент на реализација е поради тоа што во првото полугодие на 2021 година се наплатени побарувањата за надоместокот од придонес од 2020 година во износ од 28.195.479 денари.

Расходите во првото полугодие од 2021 година се прикажани во Табела 2.

Табела 2. Реализација на расходи во првото полугодие од 2021 година споредбено со првото полугодие од 2020 година

во денари

Опис		**01.01.2021 година**			**01.01.2020 година**	
		30.06.2021 година			**30.06.2020 година**	
	Планирани средства за 2021 година	**Реализирано**	**% на реализација**	**Планирани средства за 2020 година**	**Реализирано**	**% на реализација**
Потрошени материјали	610.000	138.971	**23%**	610.000	130.616	**21%**
Потрошена енергија	1.200.000	536.191	**45%**	1.200.000	330.077	**28%**
Инвестиционо одржување на средствата	280.000	249.887	**89%**	370.000	0	**0%**
Други услуги	12.440.000	2.250.416	**18%**	11.910.000	2.196.816	**18%**
Превозни – транспортни услуги	60.000	5.683	**9%**	80.000	11.581	**14%**
Издатоци за реклама и репрезентација	700.000	24.650	**4%**	800.000	133.370	**17%**
Наемнини	1.010.000	295.139	**29%**	1.010.000	287.328	**28%**

Други материјални расходи	380.000	115.984	**31%**	365.000	87.861	**24%**
Провизија за платен промет	60.000	19.899	**33%**	60.000	26.427	**44%**
Премии за осигурување	110.000	21.600	**20%**	130.000	2.930	**2%**
Патни и дневни расходи	1.600.000	1.137	**0%**	1.600.000	178.097	**11%**
Членарини	440.000	435.096	**99%**	440.000	435.081	**99%**
Интелектуални и други услуги	2.710.000	583.426	**22%**	2.580.000	613.004	**24%**
Останати други расходи	370.000	132.233	**36%**	320.000	36.030	**11%**
Средства за градежни објекти	1.430.000	0	**0%**	1.230.000	0	**0%**
Средства за опрема	1.200.000	1.086.329	**91%**	1.050.000	932.745	**89%**
Други капитални средства	7.630.000	2.246.036	**29%**	7.280.000	263.481	**4%**
Вкалкулирани плати	32.600.000	10.286.541	**32%**	31.500.000	10.123.341	**32%**
Надоместоци и останати помошти согласно закон и колективен договор	1.480.000	668.123	**45%**	1.100.000	542.920	**49%**
Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот	200.000	105.196	**53%**	150.000	88.631	**59%**
ВКУПНО	**66.510.000**	**19.202.537**	**29%**	**63.785.000**	**16.420.336**	**26%**

Расходите во првото полугодие од 2021 година се реализираа на следниов начин :

1) **Потрошени материјали: 138.971 денари.** Потрошени материјали се издатоци за набавка на: гориво, канцелариски материјал и ситен инвентар.
2) **Потрошена енергија: 536.191 денари.** Трошоците за потрошена енергија (комуналии) се однесуваат за направени издатоци за: електрична енергија, комунален отпад и парно греење.
3) **Инвестиционо одржување на средствата: 249.887 денари.** Следниве трошоци се однесуваат на новата телефонска централа и нејзина инсталација во просториите на Агенцијата во првото полугодие од 2021 година.
4) **Други услуги: 2.250.416 денари.** Во оваа категорија на трошоци влегуваат: одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем во износ од 665.520 ден, одржување на ИБМ хардверска опрема во износ од 299.838 ден., услуги за секундарна локација во износ од 399.996 ден,, потоа одржување на софтвер за архива, одржување на софтвер за сметководство, организирање на настани за развој на капитално финансирано пензиско осигурување, поштенски услуги, хигиенско одржување на просториите на Агенцијата, телекомуникациски услуги (фиксна и мобилна телефонија), услуги за печатење, копирање и ковертирање на писма, надомест за паркинг простор, одржување и сервисирање на возила и поправки и одржување на деловниот објект на Агенцијата.
5) **Превозни – транспортни услуги: 5.683 денари.** Трошоците за Превозни – транспортни услуги се однесуваат за услуги за такси превоз за потребите на Агенцијата.
6) **Издатоци за реклама и репрезентација: 24.650 денари.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците за рекламни материјали, како и услуги за репрезентација (бифе на МАПАС) и одбележување на настани со вработените.
7) **Наемнини (закупнини): 295.139 денари.** Трошоците за наемнини вклучуваат трошоци за изнајмување на канцелариска опрема (принтер-фотокопир), наем на службени возила и изнајмување на интернет линија.

8) **Други материјални расходи: 115.984 денари.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците за списанија и стручна литература, патарини, материјални трошоци –благајна, трошоци за набавка на средства за хигиена, обезбедување на просториите на Агенцијата, трошоци за регистрација и технички преглед на возилата на Агенцијата, надоместок за размена на берзански податоци и услуги за дезинфекција и дератизација на објектот на Агенцијата.
9) **Провизија за платен промет: 19.899 денари.** Во оваа категорија се вклучени трошоците за платен промет за дневни налози за плаќање и провизија за купопродажба на девизи за плаќање во странство.
10) **Премии за осигурување: 21.600 денари.** Во оваа категорија се вклучени трошоците за осигурување на службените возила осигурување на имот, осигурување на вработените од незгоди и трошоци за патничко осигурување за службени патувања на вработените .
11) **Патни и дневни расходи: 1137 денари.** Поради пандемијата COVID19 и намалувањето на службените патувања во првото полугодие на трошоци од оваа категорија се минимални.
12) **Членарини: 435.096 денари. денари. Трошоците** во оваа ставка се однесуваат на членарини на ИОПС, ОРМ, ИНФЕ-ОЕЦД и членарина за внатрешни ревизори .
13) **Интелектуални и други услуги: 583.426 денари.** Во оваа категорија се реализирани трошоците поврзани со: надоместок за надворешните членови на Советот на експерти на Агенцијата, преведувачки услуги, услуги за лекторирање, консултантски услуги, надвореншна ревизија, како и обуки, семинари и конференции за стручно усовршување во износ од 142.090 ден.
14) **Останати други расходи: 132.233 денари.** Во оваа категорија спаѓаат трошоците платени аконтации за непризнаени расходи, трошоци за огласи за јавни набавки, останати јавни давачки кои се однесуваат на јавни/државни институции и останати трошоци за непредвидени работи во износ од 74.400 ден. Трошоците од подставката непредвидени трошоци се однесуваат на спроведениот систематски преглед за вработените на Агенцијата.
15) **Средства за градежни објекти: 0 денари.** Во првото полугодие на 2021 немаше трошоци од оваа категорија .
16) **Средства за опрема: 1.086.329 денари** Во првото полугодие на 2021 набавена е компјутерска опрема за потребите на вработените на МАПАС.

17) **Други капитални средства: 2.246.036 денари.** Во оваа категорија спаѓаат трошоци за антивирусна заштита, канцеларски мебел, во првото полугодие на 2021 година реализирани се одржување на софтверот за испит на агенти во износ од 19.449 ден., софтверски лиценси во износ на 319.117 ден. и компјутерски софтвер-нов софтвер во износ од 1.907.470 ден.

18) **Вкалкулирани плати и надоместоци: 10.286.541 денари.** Во оваа категорија се евидентирани трошоците за плати и придонеси од плати за вработените во Агенцијата.

19) **Надоместоци и останати помошти согласно закон и колективен договор: 668.123 денари.** Под оваа категорија се евидентирани трошоците за исплата на надоместоци за комисиии и регрес за годишен одмор за вработените во Агенцијата.

20) **Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот: 105.196 денари.** Во оваа категорија влегуваат исплатите за персонален данок за надворешните членови на Советот на експерти на Агенцијата.

Од горенаведеното се констатира дека во првото полугодие од 2021 година од планираните расходи во Финансискиот план вкупно се реализирани **19.202.537 денари** или **29%.**

Подготвил: Илир Адеми